УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП
МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА

ISSN 1857-7296

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК

ГОДИНА 5 БРОЈ 5

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**
**МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА**

ISSN 1857-7296

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# 2018

**ГОДИНА 5** **БРОЈ 5**

**ГОДИШЕН ЗБОРНИК**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП**
**МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА**

**За издавачот:**
проф. д-р Блажо Боев,
проф. м-р Антонијо Китановски

**Главен и одговорен уредник:**
проф. м-р Антонијо Китановски

**Одговорни уредници и редакциски одбор:**
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
проф. м-р Горанчо Ангелов
проф. д-р Владимир Јаневски
проф. д-р Илчо Јованов

**Јазично уредување:**
Лилјана Јовановска

**Техничко уредување:**
Славе Димитров
Благој Михов

**Редакција и администрација:**
Универзитет „Гоце Делчев” - Штип
Музичка академија
бул „Крсте Мисирков” 10-А
п.фах 201, 2000 Штип, Македонија

**С О Д Р Ж И Н А**

**Стефанија ЛЕШКОВА-ЗЕЛЕНКОВСКА, Валентина ВЕЛКОВСКА-ТРАЈАНОВСКА**
ИСТОРИЈАТОТ И РАЗВОЈНИОТ ПАТ НА ГУДАЧКИТЕ ИНСТРУМЕНТИ:
ВИОЛОНЧЕЛО И КОНТРАБАС (2) ........................................................................................ 5

**Тихомир ЈОВИЌ**
ПОЛИФОНИЈАТА ВО КОМПОЗИЦИЈАТА ДОЈДОВМЕ ЗА МЕШАН ХОР
ОД ТОМИСЛАВ ЗОГРАФСКИ ........................................................................................ 11

**Гоце ГАВРИЛОВСКИ**
УПОТРЕБА НА ФОЛКЛОРНИТЕ ЕЛЕМЕНТИ И
УМЕТНИЧКАТА ТРАНСПОЗИЦИЈА НА ФОЛКЛОРОТ ВО ВТОРИОТ
СТАВ „ЛАМЕНТОЗО“ ОД СИМФОНИЈАТА БРОЈ 5, НА
КОМПОЗИТОРОТ ТОМА ПРОШЕВ ........................................................................................ 17

**Ивана ЈАНКОВ**
ДРАМАТУРГИЈА И НЕЈЗИНИОТ РАЗВОЈ НИЗ ОСОБЕНОСТИТЕ
НА МУЗИЧКИТЕИ ВОНМУЗИЧКИТЕ ИЗРАЗНИ СРЕДСТВА ВО
КОМПОЗИЦИЈАТА „МАКЕДОНСКО ОРО“ ЗА МЕШАН ХОР ОД
КОМПОЗИТОРОТ ТОДОР СКАЛОВСКИ........................................................................................ 27

**Зоран НАСТОВ**
АСПЕКТИ НА ХАРМОНСКИОТ ЈАЗИК НА ПРВИОТ СТАВ
ОД СУИТАТА БР. 2 ОД БАЛЕТОТ „ЛАБИН И ДОЈРАНА“ ОД
КОМПОЗИТОРОТ ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ ........................................................................................ 33

**Александар ТРАЈКОВСКИ**
ПАВЛИНА АПОСТОЛОВА - ИНТЕРПРЕТАТОР НА 40 УЛОГИ НА
МАКЕДОНСКАТА ОПЕРСКА СЦЕНА ........................................................................................ 39

**Дуња ИВАНОВА**
КОНТЕКСТОТ КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА МУЗИЧКО ДОЖИВУВАЊЕ ....................... 47

**Милица ШКАРИЌ и Елена ЕФРЕМОВА**
МУЗИЧКА ПИЈАНО ТЕРАПИЈА: СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ СО ПОЧЕТНИК
ПО ПИЈАНО НА 9 - ГОДИШНА ВОЗРАСТ ........................................................................................ 53

**Бисера ИВАНОВА**
ФОРМА, ОРНАМЕНТИКА, АРТИКУЛАЦИЈА И ДИНАМИКА КАЈ
ИЗБРАНИ СОНАТИ ОД ДОМЕНИКО ЧИМАРОЗА ........................................................................................ 61

**Петре ШТЕРЈОВ**
КОНЦЕРТ ЗА ПИЈАНО И ОРКЕСТАР БР. 2 ОП. 21 ВО ЕФ-МОЛ
ОД ФРЕДЕРИК ШОПЕН ........................................................................................ 65

**Петар ТРБОЈЕВИЌ**
МУЗИКАТА НА ФИЛИП ГЛАС, МИНИМАЛИЗМОТ И ТИРОЛСКИОТ
КОНЦЕРТ ЗА ПИЈАНО И ОРЕКЕСТАР ........................................................................................ 71

**Ивана МИЛОШЕВИЌ**
ВЛИЈАНИЕТО НА ПЕЕЊЕТО ВО ХОР ВРЗ КОГНИТИВНОТО И
ЕМОЦИОНАЛНОТО СПОЗНАВАЊЕ НА ДЕЦАТА ........................................................................................ 75

**Лидија ЈОРДАНОВА**
УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА ТЕОРИИТЕ НА
ПРОФЕСИОНАЛНАТА ОРИЕНТАЦИЈА ........ 81

**Горанчо АНГЕЛОВ**
ФАРИЗ ХАЈРУЛА – ЗУРЛАЏИЈА И ИЗРАБОТУВАЧ НА „КАБА“
ЗУРЛИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА ........ 91

**Владимир ЈАНЕВСКИ**
МАШКИ ОБРЕДНИ ПОВОРКИ ВО МАКЕДОНСКАТА ЕТНОКОРЕОЛОШКА
КЛАСИФИКАЦИЈА ........ 103

**Стојанче КОСТОВ**
КРАТОК ОСВРТ НА ОРСКАТА ТРАДИЦИЈА ВО ЕТНИЧКИОТ
ПРЕДЕЛ РАДОВИШКО ПОЛЕ ........ 109

**Христијан НИКОЛОВСКИ**
ИСТОРИСКИ АСПЕКТИ НА КИНЕТОГРАФИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА ........ 115

**Силвестер ПРОЛЕ**
ЕТНОКОРЕОЛОШКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОРАТА ВО
РАДОВИШКОТО СЕЛО ГАБРЕВЦИ ........ 121

**Љупка СТЕФАНОВСКА**
47 ГОДИНИ РЕПУБЛИЧКИ ФЕСТИВАЛ НА НАРОДНИ ИГРИ И
ПЕСНИ „ИЛИНДЕНСКИ ДЕНОВИ“ – БИТОЛА (1971 – 2018) ........ 125

**Горан ВАСИЛЕСКИ**
ИВАНДЕНСКИТЕ ЖЕНСКИ ОБРЕДНИ ПОВОРКИ ВО
ПРИЛЕПСКО-БИТОЛСКО ПОЛЕ И ЖЕЛЕЗНИК ........ 131

**Тијана ЈАНЕВСКА**
ОРОВОДНАТА ПЕЈАЧКА ТРАДИЦИЈА ВО ПРЕДЕЛОТ ДУРАЧКА РЕКА ........ 139

**Бојан ПЕТКОВСКИ**
ФИЛМУВАНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОБРЕДОТ ЛАЗАРКИ
ОД ЕТНИЧКИОТ ПРЕДЕЛ ДОЛНИ ПОЛОГ ........ 143

**Дени СИНАДИНОВСКИ**
ВЕЛИГДЕНСКИТЕ ОБРЕДНИ ИГРИ ОД ЕТНИЧКИОТ ПРЕДЕЛ
ПОРЕЧЕ И НИВНИТЕ ЕТНОКОРЕОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ ........ 149

**Иво СОЛДАТОВИЌ**
ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА ДРАГАН ЃАКОНОВСКИ-ШПАТО ........ 155

**Мирослав МИЛКОВСКИ**
МУЗИКАТА НА ЧИК КОРЕА ........ 163

**78.071.2:78.087.612.1]:792.54(497.7)**Апостолова, П.

# ПАВЛИНА АПОСТОЛОВА – ИНТЕРПРЕТАТОР НА 40 УЛОГИ НА МАКЕДОНСКАТА ОПЕРСКА СЦЕНА

проф. д-р Александар ТРАЈКОВСКИ[1]

[1]Факултет за применета музика, Еспа – Универзитет за аудиовизуелни уметности, Скопје
aleksandar23mk@yahoo.com

**Апстракт:** Во текот на својата триесет и петгодишна уметничка кариера, првенката на Македонската опера Павлина Апостолова има реализирано вкупно 40 оперски улоги, од кои најголемиот дел се главни сопрански делници во носечкиот репертоар на нашата национална оперска куќа. За нејзина животна улога се смета улогата на Виолета Валери во Вердиевата „Травијата", која ја има толкувано преку 100 пати, а покрај неа, голем печат остава интерпретирајќи ги и Чо-Чо-Сан во „Мадам Батерфлај", Мизета во „Боеми", Розина во „Севилскиот берберин", Џилда во „Риголето" итн. Во првата половина од изминатава година, непосредно пред својот 91-ви роденден, Павлина Апостолова засекогаш го напушти овој свет, оставајќи ги спомените за својата богата и плодна уметничка кариера. По тој повод, овој текст има за цел да направи краток осврт на нејзините оперски улоги.

***Клучни зборови***: Павлина Апостолова, опера, улоги.

## Вовед

Оперската првенка Павлина Апостолова (1927 – 2018) е припадник на првата генерација оперски пејачи, основоположници на Македонската опера. Со својата појава и сценско делување, во годините на осмислување, поставување и организирање на современиот музички живот во нашата држава, таа одигрува мошне значајна улога, вложувајќи се во изградбата и развојот на националната оперска куќа.

Минатата година, кога Македонската опера го одбележуваше својот јубилеј – 70 години од основањето, беше година и на два јубилеја поврзани директно со Апостолова – личен и професионален. Првиот, се однесува на 90 години од нејзиното раѓање, додека вториот, на 60 години од нејзината прва „Травијата" (која подоцна ќе стане нејзин заштитен знак и животна улога). Годинава пак, Апостолова засекогаш ја напушти и животната сцена, заокружувајќи го заминувањето на целата генерација оперски пејачи, основоположници на Операта.

По тој повод, овој текст има за цел да направи краток осврт на нејзината актива – реализацијата на вкупно 40 улоги на македонската оперска сцена.

## 1. Биографски податоци

Павлина Апостолова е родена во Тетово, како што самата ќе забележи во книгата посветена на нејзиното семејство, „Сеќавања за еден фамилијарен живот", „*под падините на прочуеното Балтепе, во една тесна стрмна уличка наречена 'јајчароосокаче', што навлегува во пазувите на Балтепе, меѓу многу лозја... Тука, имено, во шестнаесеттиот мајски ден на 1927 година, започна мојот живот...*" (Апостолова; 2006: 22) Во родниот град го завршува основното училиште и се запишува во првиот клас на Државната реална гимназија, а со почетокот на Втората светска војна, кога целото семејство се преселува во Скопје, школувањето го продолжува во женската гимназија „Царица Јоана" (денешна „Јосип Броз – Тито").

Афинитетите кон музиката и пеењето ги пројавува уште од најрана возраст, исто како и нејзините сестри. Членува во гимназискиот хор во Тетово, а подоцна и во хорот на Женската гимназија во Скопје. Токму овде, за прв пат има контакт со композиторот и педагог Стефан Гајдов, кој предавал пеење и кој всушност, одиграл голема улога во нејзиното понатамошно професионално насочување. „*Господин Гајдов ме постави да ги водам сопраните, па станав еден вид 'концертмајстор', па ми даваше соло партии во разни композиции, од што беше многу задоволен. Мислам дека тоа беше пресудно за мојата идна кариера*". (Апостолова; 2006: 65) По ослободувањето, станува член на Радио хорот и на групата „Билјана". Членувајќи во Радио хорот, го запознава композиторот и оперски пејач Петре Богданов – Кочко, кој подоцна

ќе стане и нејзин животен сопатник, а по чие убедување се запишува во Музичката школа каде учи соло пеење во класата на професорката Ника Монастри-Кунели и каде всушност ги прави првите чекори во оперската уметност, настапувајќи на школските концерти, наречени „продукции", со соло песни од стари мајстори и со арии и дуети од разни опери.

Набргу потоа, влегува во редот на солистите на тукуштo отворената Опера. „*Откако Операта доби статус на државна установа во рамките на Македонскиот народен театар, мнозина од нас кои се подготвувавме во Музичката школа, се вработивме во Операта и започнавме да настапуваме во првите оперски претстави. Со голем ентузијазам и љубов се зафативме во подготовката на улогите, немаше работно време, работевме понекогаш и до раните утрински часови, па сите со големо нетрпение очекувавме да се претставиме со нашата уметност пред бројната публика, која со голем интерес ги следеше нашите претстави*". (Апостолова; 2006: 96)

Во текот на годините што следуваат, Апостолова неуморно се посветува на својот работен ангажман во оваа куќа, каде останува сè до своето пензонирање во 1982 година, реализирајќи 40 оперски улоги.

За својата работа, добитник е на бројни награди, меѓу кои и највисоката државна награда 11 Октомври, за животно дело.

**2. Сите оперски улоги на сцената на Македонската опера**

На оперската сцена на Македонскиот народен театар, во текот на својата кариера Павлина Апостолова реализира 40 улоги – најголемиот дел од нив се главни сопрански делници во носечкиот репертоар на националната оперска куќа. Целејќи кон тоа да се комплетира една слика за целокупната нејзина сценска актива, за поголема прегледност улогите ќе бидат групирани и претставени преку неколку пункта:

***2.1. Виолета Валери во „Травијата"***

Улогата на Виолета Валери во операта „Травијата" на Џузепе Верди, се смета за централна улога од репертоарот на Павлина Апостолова и стожер на нејзината кариера. Затоа, во овој преглед е отстапено посебно место токму на оваа улога.

Во текот на својата кариера, Апостолова ликот на Виолета го толкува повеќе од дваесет години, сè до своето пензионирање. Притоа учествува во премиерите на две обнови на оваа опера, од вкупно шесте нејзини досегашни поставки.

Прв пат, Виолета ја изведува на 15 ноември 1957 година, и оттогаш, директно се поврзува со овој лик кој ќе го одбележи нејзиното оперско патешествие. Сеќавајќи се на нејзината прва „Травијата", во интервјуто дадено во нејзиниот дом во мај 2015 година, ќе рече: „*Голем предизвик за секој сопран е улогата на Виолета Валери во операта 'Травијата'. Улога богата со прекрасни, бравурозни арии, дуети и ансамбли. Тоа е улога која дава големи можности за целосна уметничка реализација, како музички, така и пејачки, а исто така драмскиот елемент му овозможува на уметникот да ги покаже своите способности и талент, да го прикаже автентично ликот на Виолета како што тоа го замислил големиот Џузепе Верди. Мене лично секогаш ме привлекувале улоги во кои е застапена и драмската игра, рамноправно со музиката и пеењето, и со голем интерес пристапував во подготвувањето на такви улоги. Уште во музичкото школо со мојата професорка по соло пеење Ника Кунели ја имав подготвувано оваа опера во детали, така што при првата прилика кога евентуално би требало да ја пеам, да бидам подготвена. Многу често настапувавме со фрагменти од арии на школските 'продукции' што се одржуваа во големата сала во музичкото школо. Подоцна кога станав член на Операта, ги следев сите проби на „Травијата" во кои учествуваа моите постари колеги, меѓу кои беа тенори Томчо Грнчаровски – ретко музикален лирски пејач, Петре Богданов – Кочко, Васил Ќортошев, и други помлади тенори кои подоцна настапуваа. Тука беше и нашата прва Виолета – Зина Крељa и искусниот колега Јован Стефановиќ – Курсула кој улогата на Жорж Жермон ја исполнуваше достоинствено во својот став и пеење, со кого подоцна често гостувавме во 'Травијата'. Тие проби беа од голема полза, бидејќи улогата се надоградуваше со многу детали кои беа важни за целосно обликување на ликот*". (Апостолова, интервју; 2015)

Десет години подоцна, се појавува како главен протагонист на премиерата на првата обнова на „Травијата“. Станува збор за модерна, современа поставка, која во Универзалната сала е изведена на 11 октомври 1967 година, под диригентство на Александар Лековски, а во режија на Васил Ќортошев. Покрај Павлина Апостолова како Виолета, настапиле и Никола Гагов како Алфредо, Илија Црвенов како Жермон, Евдокија Доброхотва како Флора и др. „*По долги години изведувана во оригинален класичен стил, поттикнати од трендот да се ’осовременат‘ претставите, се донесе решение ’Травијата‘ да се обнови и да оди како премиера. Се направија нови, современи костими, но мене лично тој тренд да се осовременува нешто што припаѓало на друго време и на друг начин на живот, осмислено од автор кој живеел и творел во сосема друга епоха, не ми се допаѓаше*“. (Апостолова, интервју; 2015)

На 9 мај 1976 година, на отворањето на петтите „Мајски оперски вечери“, „Травијата“ е повторно обновена, и повторно со Павлина Апостолова во главната улога. Овој пат, во нова, класична постановка, со нов декор и нови костими. „*Чест ми беше да ги отворам петтите ’Мајски оперски вечери‘ со Виолета Валери. Партнери ми беа – како Алфред Благоја Николовски и како Жорж Жермон, гостинот од Белград Никола Митиќ. Диригент беше маестро Александар Лековски, режијата беше на Васил Ќортошев, а сценографијата на Бранко Костовски. Претставата беше успешно остварена, а за мене беше особено важно бидејќи по убавите критики ја добив престижната награда ’11 Октомври‘ за животно дело. Така, мојата карирера се заокружи со едно вакво високо признание*“. (Апостолова – интервју; 2015)

Дирекцијата на Македонската опера, на 4 март 1975 година на Апостолова ѝ приредува голема чест – нејзината 100-та изведба на „Травијата“, ја одбележува со свечена претстава. Во поздравниот говор на оваа претстава, тогашниот директор на Операта, Васил Ќортошев, ќе истакне: „*Ние вечерва не ја славиме само Вашата ’Травијата‘, туку и над 25-годишната макотрпна, пријатна и мошне одговорна уметничко-креативна дејност. Зашто, да се биде на сцена над 25 години и за тоа време своето човечко битие да се трансформира во над 35 лика, бара многу енергија, како и емоционална и физичка истоштеност. Вашите пејачки и технички предипозиции беа покапитални, а пак, талентот и актерското мајсторство неограничени. Никогаш и во ниедна пиеса, ниту еден уметнички раководител немал творечко-креативни судири со Вас. Сè било во димензиите на музичко-сценската концепција; сè растело и се формирало токму како што нè учел големиот мајстор на театарската уметност – Станиславски.*“ (Ќортошев; 1975)

***2.2. Оперски улоги, премиерно изведени на македонската сцена***

Во историјата на македонската култура, Павлина Апостолова ќе остане запаметена како прв интерпретатор на 17 оперски ликови. Имено, со нејзиното учество во македонските премиери на исто толку опери, таа на македонската публика за прв пат ѝ ги презентира тие ликови и на еден начин, за прв пат ги „донесува“ тука, на нашето поднебје.

По еден хронолошки редослед, станува збор за следниве оперски улоги:

***2.2.1. Фраскита во „Кармен“*** – на македонската премиера на познатата Бизеова опера, Апостолова ја толкува улогата на Фраскита. Премиерата се случила на 4 март 1951 година, подготвена од диригентот Ловро Матачиќ и режисерот Владо Хабунек. Главниот лик на сцената го донела Ана Липша-Тофовиќ, а во останатите улоги настапиле Артур Сурмејан (Дон Хозе), Данка Фирфова (Микаела), Благој Петров – Караѓуле (Ескамилјо), Евдокија Медведова (Мерцедес) итн.

***Памина во „Волшебната флејта“*** – на 29 јуни 1951 година, за прв пат го портретира ликот на Памина во ова Моцартово дело. Во режија на Ловро Матачиќ, а под диригентската палка на Тодор Скаловски, во оваа премиера настапува со Зина Крења (Кралица на ноќта), Јордан Митровски (Сарастро), Томче Грнчаровски (Тамино), Фанка Икономова (Папагена) и др. Како што може да се види понатаму во текстот, во својата кариера Павлина Апостолова најголем број улоги има остварено токму во опери на В. А. Моцарт. Памина е првата од нив, а како што вели, „*ги подготвував со најголемо задоволство и љубов, со чувство на голема почит и среќа, што тие дела имав можност да ги интерпретирам на сцената на Македонскиот народен театар*“. (Апостолова; 2004: 296)

***Јелена во „Никола Шубиќ Зрински“*** – во првата опера од југословенски автор (хрватскиот композитор Иван Зајц) поставена на македонската сцена, настапува како лирската Јелена. Режисер и диригент на премиерата на 11 април 1952 година бил Ловро Матачиќ, во насловната улога настапил Анте Жмикиќ, Данка Фирфова ја толкувала Ева, Јосип Фишер бил Јураниќ итн.

***Ѓула во „Еро од оној свет“*** – на 29 ноември 1953 година, поставено е уште едно дело од југословенски автор (Јаков Готовац), со што Операта го покажува својот стремеж за прикажување на дела со национална тематика. Операта се пеела на хрватски јазик, во режија на Јосип Кулунџиќ, а под диригентската палка на Ладислав Пелдрик. Павлина Апостолова го толкувала ликот на Ѓула, а покрај неа настапиле и Армен Сурмејан како Миќа-Еро, Коста Шуваковиќ како Марко, Калина Милошевска како Дома и др.

***Чо-Чо-Сан во „Мадам Батерфлај“*** – на 14 декември 1954 година, за прв пат на македонската сцена е изведена оваа популарна опера на Џакомо Пучини. Апостолова го креирала ликот на Чо-Чо-Сан, за што ќе рече: „*Бев бескрајно среќна што улогата ми беше доверена и со голема љубов се зафатив со подготвувањето. Од преголема желба по таа улога, јас веќе ја бев научила целата партија во оригинал на италијански јазик. Но, сега требаше да ја научам и на македонски*“. (Апостолова; 2004: 72) Премиерата ја поставиле диригентот Даворин Жупаниќ и режисерот Младен Саблиќ, а покрај Апостолова во насловната улога, настапиле и Дино де Коста како Пинкертон, Антон Жмикиќкако Шарплес, Калена Милошевска како Сузуки и др.

На 24 ноември 1970 година, Павлина Апостолова учествува и во обновата на оваа претстава, но овој пат под диригентство на Олджих Пипек, а во режија на Данчо Митровски.

***Розалинде во „Лилјакот“*** – толкувајќи го ликот на Розалинде, учествува и во поставувањето на првата оперета на нашата сцена. Станува збор за оперетата „Лилјакот“ од Јохан Штраус, изведена на 30 декември 1956 година, под диригентство на Ино Перишиќ, а во режија на Емил Фрелих. На премиерата настапиле и Артур Сурмејан како Габриел фон Ајнзенштајн, Фанка Икономова како Аделе, Боро Ацевски како Принц Орлофски и др. За оваа опера, таа ќе рече: „*Со еднаков интерес и сериозност пристапивме кон подготвувањето на улогите, бидејќи оперетата изобилува со многу убави мелодии и арии, но кои требаше и сериозно пејачки да се подготват.*“ (Апостолова; 2004: 116)

***Сузана во „Свадбата на Фигаро“*** – со улогата на Сузана во „Свадбата на Фигаро“, Павлина Апостолова реализира уште еден Моцартов лик: „*Улогата на Сузана, слугинката на грофот Алмавива, ми овозможи да ги реализирам во прилична мера, пејачките и сценските барања кои ги поставуваше улогата на Сузана*“. (Апостолова; 2004: 146) Премиерата на 19 февруари 1958 година, му била доверена на тогашниот дебитант, диригентот Ангел Шурев, а ја режирал Младен Саблиќ. Покрај неа, настапиле и Благој Петров – Караѓуле (гроф Алмавива), Марија Скаловска (грофица Розина), Методија Илиевски (Фигаро) и др.

***Анжелика во „Анжелика“*** – на 28 мај 1958 година, го интерпретира ликот на Анжелика во истоимената опера на Жак Ибер, која пред македонската публика ја поставиле диригентот Ангел Шурев и режисерот Васил Ќортошев. Солистичката екипа ја сочинувале и Стефан Демиров (Бонифа), Благој Петров – Караѓуле (Шарло), Миодраг Ставриќ (Италијанец) и др. За оваа улога, таа ќе забележи: „*Улогата на Анжелика требаше да се предаде на поинаков начин од моите претходни улоги, бидејќи се работеше за фарса, една лесна комедија – жанр со кој се среќавав за прв пат*“. (Апостолова; 2004. 158)

***Марселина во „Фиделио“*** – По повод 20-годишнината на Народната револуција на Македонија (1941 – 1961), најпрво концертно во Прилеп (10 октомври 1961 година), а потоа и сценски во Скопје (12 ноември 1961 година), поставено е единственото оперско дело на Лудвиг ван Бетовен, во кое Павлина Апостолова го толкува лкот на Марселина. Диригент бил Тодор Скаловски, а делото режиски го поставил Васил Ќортоѓев. Во главните улоги, настапиле и Данка Фирфова како Леонора - Фиделио, Марио Ѓуранец како Флорестан, Спирос Куфојанакис како Дон Писаро и др.

***Олимпија, Џулиета и Антонија во „Хофманови приказни“*** – оваа опера, дело на Жак Офенбах, претставува прва премиера на Павлина Апостолова по земјотресот. На 23 декември 1965 година, во зградата на монтажниот театар, под диригентство на Ангел Шурев, а во режија на Младен Саблиќ, таа ги интерпретира трите различни по својот карактер и струкура, ликови, Олимпија, Џулиета и Антонија, а партнери на сцената и биле Георги Божиков, кој ги интерпретирал ликовите на Линдорф, Копелиус, Дапертуто и доктор Миракел, Ана Липша-Тофовиќ, која се претставила како Николаус, Благоја Николовски кој бил Хофман итн.

***Адина во „Љубовна напивка“*** – под диригентската палка на Фимчо Муратовски, а во режија на Данчо Митровски, на 27 февруари 1966 година, на македонската премиера на едно од најзначајните дела на Гаетано Доницети, ја толкува улогата на Адина. Заедно со неа, оваа комична опера ја обликуваат и Благоја Николовски (Неморино), Енцо Серини (Белкоре), Георги Божиков (Дулкамара) и Фанка Икономова (Џанета).

***Џорџета во „Плаштот“*** – улогата на Џорџета во веристичката опера на Пучини, претставува уште една реализација на лик кој отстапува од т.н. „железен репертоар“, а што Павлина Апостолова, во својата кариера неретко го чини (како на пр. Анжелика, Моника, Џени и др.). Така, на 21 мај 1966 година учествува во премиерата на ова оперско дело, видено низ режисерската призма на Васил Ќортошев, а со кое диригирал Трајко Прокопиев. Во оваа опера, учествувале и Енцо Серини како Микеле, Стојан Ганчев како Луиџи, Артур Сурмејан како Тинка, Станко Липша како Талпа, Евдокија Доброхотова како Фругола и др.

***Џени во „Портретот на Џени“*** – како последица на интересот на Операта за нови современи струења во светот, на 10 октомври 1969 година, поставена е операта „Портретот на Џени“ на Салваторе Алегра, под диригентство на Фимчо Муратовски, а во режија на Васил Ќортошев. Станува збор за светска премиера на ова дело, на која присуствувал и самиот автор, а на која Павлина Апостолова настапила во насловниот лик, додека Никола Гагов го интерпретирал ликот на Еди, Енцо Серини на Арне, Евдокија Доброхотова ликот на сопственичката на станот итн. Во своите реминисценции за овој лик, самата Апостолова ќе забележи: „*Тежината на мојата улога беше во тоа што јас морав за два часа, колку што траеше претставата, да се трансформирам во три личности, поточно да одиграм три возрасти, од дете на 10–12 години, во вториот лик веќе девојка и во третиот возрасна жена. За да се постигне тоа, не беше доволна само шминка и костимите*“. (Апостолова; 2004: 288)

***Деспина во „Така прават сите“*** – ликот на Деспина е последниот лик кој Павлина Апостолова во креирала во дело на В. А. Моцарт. Оваа улога за прв пат ја реализирала на премиерата на 24 март 1972 година, на која диригирал Фимчо Муратовски, а која ја режирал Данчо Митровски. Со неа, заедно на сцената настапиле и Благоја Николовски како Ферандо, Илија Црвенов како Гуљелмо, Васка Биџова-Гајдова како Фјордилиџи, Искра Божиновска-Савин како Дорабела и Георги Божиков како Дон Алфонсо.

Со улогата на Деспина во оваа опера, истата година, и со истата постава, Апостолова настапила и на фестивалот „Охридско лето“.

***Принцеза во „Русалка“*** – креирајќи го ликот на Принцезата во Дворжаковата лирска сказна „Русалка“, таа за последен пат учествува во македонска премиера (до крајот на кариерата, зема учество во уште две обнови). На оваа премиера, одржана на 12 март 1972 година, насловната улога ја толкувала Анастасија Димитрова, Никола Гагов го интерпретирал ликот на Принцот, Георги Божиков бил Водењакот, Ана Липша-Тофовиќ била Баба-рога итн. Диригент бил Олджих Пипек, а режисер Вацлав Кашлик.

***Оперски улоги на редовниот репертоар***

Во текот на својата оперска актива, голем број улоги реализира и на првите репризи по премиерите или пак се вклучува подоцна во редовниот репертоар, алтернирајќи со своите колешки, во зависност од моменталните потреби и уредувачките политики на куќата. Така, покрај веќе споменатите, таа ги реализира и следниве улоги:

***Есмералда и Марженка во „Продадена невеста“*** – оперскиот пат на Павлина Апостолова всушност започнува на 19 јануари 1950 година, со улогата на Есмералда во оперското дело на Беджих Сметана. За оваа улога и воопшто, за својот прв настап, многу години подоцна, таа ќе рече: „*Прва улога, прв настап на сцената на Македонскиот народен театар, прва возбуда, прв трепет од сознанието дека трудот и мечтите можат да се остварат. Есмералда е мала улога, но јас со најголема сериозност и младешки жар пристапив кон реализирањето на тој лик, инстинктивно чувствувајќи уште тогаш, во првите чекори кои требаше да нè воведат во тајните на музичко-сценската уметност, дека нема мали и големи улоги*“. (Апостолова; 2004: 12)

Подоцна, во февруари 1953 година, ја има остварено и улогата на Марженка во истата опера.

***Мизета и Мими во „Боеми“*** – по своето деби во „Продадена невеста“, таа постепено навлегува во репертоарот со нови улоги. Првите поголеми улоги со кои зачекорува на оперската сцена се Мизета и Мими во „Боеми“ на Џакомо Пучини. Мизета, за прв пат ја изведува на 31 март 1950 година, а Мими, неколку месеци подоцна, на 10 декември, истата година. Двете улоги ги подготвувала со диригентот Ловро Матачиќ и режисерот Владо Хабунек, а како што ќе рече самата, „*улогата на Мими, тој мил и нежен лик, секогаш во мене будеше длабоки чувства, од кои секогаш ми навираа солзи во очите, посебно во третиот и четвртиот чин. Тоа беше моја прва улога, во која драмата на еден лик со трагичен крај, подоцна во другите улоги ќе се повторува во разни други околности и други човечки судбини*“. (Апостолова; 2004: 18)

На првата обнова на оваа опера, премиерно изведена на 16 декември 1956 година, под диригентство на Даворин Жупаниќ, го толкува ликот на Мими.

Истиот лик, повторно го изведува и при второто обновување на „Боеми“ во 1972 година, но овој пат со екипа на помлади колеги, а под раководство на диригентот Александар Лековски и режисерот Данчо Митровски.

***Евридика и Амор во „Орфеј“*** – во Глуковиот „Орфеј“, Павлина Апостолова најпрво го толкува ликот на Евридика, со кој настапува и на сценската премиера на оваа опера на 8 јуни 1950 година, а подоцна, и ликот на Амор.

***Микаела во „Кармен“*** – освен Фраскита, во „Кармен“ ја реализира и улогата на Микаела (за прв пат на 13 март 1954 година).

***Папагена во „Волшебната флејта“*** – и „Волшебната флејта“ е опера во која таа остварува две улоги. Така, покрај ликот на Памина, во текот на редовниот репертоар, го толкува и ликот на Папагена.

***Норина во „Дон Пасквале“*** – една од улогите со кои настапува често и со различни диригенти, е и улогата на Норина во комичната „Дон Пасквале“ на Гаетано Доницети.

***Џилда во „Риголето“*** – улогата на трагичната Џилда во Вердиевата „Риголето“ за прв пат ја исполнува на 17 ноември 1956 година и во годините што следуваат, ја изведува многу често, со многу уметници, тенори и баритони, домашни, но и гости од странство.

***Флорами во „Мала Флорами“*** – со улогата на Флорами во истоимената опера, реализира уште едно учество во дело од југословенски автор, овој пат Иво Тијардовиќ.

***Леjди Харие*т во „Марта“*** – операта „Марта“ од Фридрих Флотов, најпрво била изведена концертно, а неколку дена подоцна, на 28 март 1959 година и сценски, кога настапува и Павлина Апостолова.

***Моника во „Медиум“*** – во криминалистичката музичка драма „Медиум“ на Џанкарло Меноти, го креира ликот на Моника, која „*...обилува со благозвучна музичка свежина, која сепак се движи во една напната и мистична атмосфера, во натуралистички амбиент, во љубовта со немиот Тоби*“. (Апостолова; 2004: 240)

Оваа улога ја изведува уште во првата постава во 1958 година, а подоцна, настапува и на премиерата на нејзината обнова, на отворањето на вторите Мајски оперски вечери, на 9 мај 1973 година.

***Констанца во „Грабнување од сарајот“*** – на премиерата на првата обнова на оваа Моцартова опера, на 7 ноември 1959 година, ја толкува улогата на Констанца. Обновата е подготвувана со диригентот Фимчо Муратовски, по повод неговото дебитирање во Операта. Во едно од своите сеќавања за оваа улога, Апостолова ќе подвлече: „*За мене лично, аријата во вториот чин наречена 'мартерн арија' претставуваше посебен предизвик, бидејќи бараше од пејачот подготвеност во техничка смисла, со многу драмски колоратури, што овозможуваше да дојде до израз карактерот и чувството на решителност на Констанца, да издржи секакви маки за својата љубов. Во тоа многу ми помогна токму диригентот Фимчо Муратовски*“. (Апостолова; 2004: 174)

***Розина во „Севилскиот берберин“*** – улогата на Розина во „Севилскиот берберин“ на Џоакино Росини, е една од оние улоги со кои настапува многу често и успешно. Почнувајќи да ја пее на 6 февруари 1960 година, во текот на својата кариера ја интерпретирала и на домашната сцена, но многу пати и во оперските куќи на поранешна Југолавија, а и пошироко. „*Розина е улога што многу му одговараше на мојот темперамент, и секогаш со задоволтво ја пеев*“. (Апостолова; 2004: 184)

***Абигаила во „Набуко“*** – во оваа Вердиева улога „влегува“ на 24 ноември 1966 година, со цел да ја замени својата колешка Анастасија Димитрова која дотогаш ја пеела, а која заминала во странство, овозможувајќи ѝ на операта да остане на редовниот репертоар. „*Сметајќи го тоа како работна задача која не треба да се откаже, се согласив и за кратко време ја подготвив улогата. Подоцна почувствував дека со задоволство ја толкувам таа улога на една властољубива жена, улога која и музички и пејачки му одговараше на мојот темперамент, во која созреаноста на мојот лирски глас минуваше во мелодрамски фах*“. (Апостолова; 2004: 248)

Ликот на Абигаила го интерпретира и на премиерата на првата обнова на „Набуко“ на 16 март 1980 година, под диригентство на Томислав Шопов, а во режија на Васил Ќортошев.

***Маргарета во „Фауст“*** – во капиталното дело на Шарл Гуно, „Фауст“, го толкува главниот женски лик, Маргарета, настапувајќи за прв пат на 19 февруари 1967 година.

***Норма во „Норма“*** – комплексната улога на Норма во истоимената опера на Винченцо Белини, од аспект на вокално-технички и артистички барања, за Павлина Апостолова претставува врв во нејзиниот развоен пат. Прв пат ја има изведено на 1 октомври 1968 година. „*Заедно со Абгаила во 'Набуко', тие две улоги дојдоа како резултат на моето вокално-техничко и уметничко искуство и созревање, и претставуваат завршна фаза во моето музичко-сценско актерство*“. (Апостолова; 2004: 278)

***2.2.2.Концертни изведби***

Покрај сценската активност, Павлина Апостолова реализира и концертни изведби на две опери (едната е „Фиделио“, која беше спомената во претходното поглавје, бидејќи е изведена и сценски), како и во изведби на два реквиема и еден ораториум:

***Бастиена во „Бастијан и Бастиена“*** – на 19 февруари 1956 година, во салата на Домот на армијата во Скопје, како резултат на соработката помеѓу Македонската опера и Македонската филхармонија, под диригентство на Тодор Скаловски, концертно е изведена оваа Моцартова опера, на која покрај Апостолова како Бастиена, настапиле и Васил Ќортошев и Данчо Митровски.

***Делницата за сопран во „Реквием“ (В. А. Моцарт)*** – првата изведба на „Реквиемот“ од Моцарт, се случила на 24 декември 1956 година, под диригентство на Тодор Скаловски. Солистичката екипа ја сочинувале Павлина Апостолова, Ана Липша-Тофовиќ, Петре Богданов – Кочко и Методија Илиевски, кои настапиле заедно со хорот на Операта, оркестарот на Филхармонијата и хористи од скопските културно-уметнички друштва.

***Делницата за сопран во „Реквием“ (Џ. Верди)*** – покрај изведбата на Моцартовиот „Реквием“, зема учество и во „Реквиемот“ на Џузепе Верди (изведба на фрагменти), со кој диригирал Ванчо Чавдарски. Исто како и во „Реквиемот“ на Моцарт, така и овде учествуваат хорот на Операта при Македонскиот народен театар и оркестарот на Македонската филхармонија. Тенорската делница ја интерпретирал Благоја Николовски, алтовската Ана Липша-Тофовиќ, а басовската Георги Божиков.

***Делницата за сопран во ораториумот „Сонце на прастарата земја“*** – при изведбата на ораториумот „Сонце на прастарата земја“ на Тома Прошев во 1966 година, со кој диригирал Ванчо Чавдарски, Павлина Апостолова ја интерпретира сопранската делница. Покрај неа, настапиле и солистите Благоја Николовски, Ана Липша-Тофовиќ и Димитар Мариновски, како и хорот на Операта при Македонскиот народен театар и оркестарот на Македонската филхармонија.

**Заклучок**

Овој текст, напишан по повод смртта на првенката на Македонската опера Павлина Апостолова, претставува осврт на нејзиниот уметнички пат. Во него, прегледно се претставени сите 40 улоги кои таа, во текот на својата кариера ги има реализирано на македонската оперска сцена. Најголемиот дел од нив се вбројуваат во врвот на сопранските делници на оперското творештво, а истовремено, претставуваат и дел од железниот репертоар на нашата национална оперска куќа. Со реализацијата на овие улоги, Павлина Апостолова остава незбришлива трага во развојот на македонската култура и уметност, директно учествувајќи во градењето на еден од столбовите на современиот музички живот кај нас – Операта.

**Користена литература:**


1. Интервју со Павлина Апостолова, направено на 8. 5. 2015 година
2. ….................. 1975. *Мал јубилеј на Павлина Апостолова*, во *Нова Македонија*, 4.3.1975 год. XXXI бр. 10097, стр. 12
3. ..................... 1977. *Добитници на наградата „11 Октомври“ Павлина Апостолова, првенка на Операта при Македонскиот народен театар,Глас со бравурозни можности*, во *Нова Македонија*, 11.10.1977, год. XXXIII бр. 11035, стр. 16
4. Анастасова-Чадиковска, С. (2010). *Креативниот дух на фестивалот „Охридско лето“*, во *50 години Охридско лето*. Охрид: Фестивал Охридско лето
5. Апостолова, П. (2004). *Мојот пат во оперската уметност*. Скопје
6. Апостолова, П. (2004). *Сеќавања за еден фамилијарен живот*. Скопје
7. Голабовски, С. (1976). *Убедителна исполнителска концепција*, во *Нова Македонија*, 16.5.1976, год. XXXI бр. 10528, стр. 10
8. Голабовски, С. (1999). *Историја на македонската музика*. Скопје: Просветно дело
9. Глигоров, Б. (1968). Норма на Апостолова, во *Нова Македонија*, 05.10.1968 год. XXIV бр. 7899, стр. 4
10. Ѓуровска, С. (1976). *„Травијата“ со операта и балетот на МНТ*, во *Нова Македонија*, 08.5.1976, год. XXXI бр. 10520, стр. 6
11. Каракаш, Бр. (1957). Нова поделба на улогите во „Травијата“, во *Нова Македонија*, 18.11.1957, год. XIII бр. 4121, стр. 4
12. Кочишки, В. (2002). *30 години Мајски оперски вечери*. Скопје: Македонски народен театар
13. Ортаков, Д. Муратовски, Ф. (2003(. *Волшебниот Орфеј – 55 години Македонска опера*. Скопје: Македонски народен театар
14. Skalovski, T. (1971). Apostolova Bogdanova Pavlina, *Muzicka enciklopedija*, Zagreb: Jugoslavenki leksikografski zavod, str. 60.
15. Стефановски, Р. (1985). *Македонски народен театар – 1945 – 1985 - Драма, опера, балет*. Скопје: Македонски народен театар
16. Стефановски, Р.Маринковиќ, С. (1995).*Македонски народен театар - Летопис 1945- 1955*. Скопје: Македонски народен театар
17. Ќортошев, В. (1975). *Поздравна реч, по повод 100-та „Травијата“ на Павлина Апостолова*. Скопје
18. Чучков, Вл. (1967). *Обновената „Травијата“ во изведба на скопскиот ансамбл – антитрадиционални и - изместено*, во *Нова Македонија*, 29.10.1967, год. XXIII бр. 7561, стр. 8